**Број 9 Година XIX**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, јули 2025**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување Информација за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт“од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата**

1. Се објавува Заклучок за усвојување Информација за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата, донесен на шеесет и деветта (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 09 јули 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Изработил: Ј.Цветковиќ, с.р.

**Број: 11-7568/1**
**Датум: 09.07.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со Информацијата за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт од Влада на Република Северна Македонија“, Советот на Општина Карпош, на 69. (вонредна) седница одржана на 09 јули 2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување Информација за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата**

1.Со овој заклучок се усвојува Информацијата од Градоначалникот на Општина Карпош, за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерство за спорт од Владата на Република Северна Македонија“, со која што Општина Карпош престанува да биде корисник на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан.

2.Советот на Општина Карпош се противи на донесената Одлука, од причина што општината има направено значителни финансиски вложувања во овој објект кој има суштинско значење за спортскиот и општествениот живот на жителите на Општина Карпош. Дополнително, веќе се донесени/усвоени одлуки од страна на Советот, со кои одредени делови од спортската сала се дадени на користење, како со, така и без надомест.

3.Советот на Општина Карпош особено се противи на начинот на донесувањето на предметната Одлука и ја оценува како штетна, донесена без консултација и побарано мислење од општината.

4. Советот на Општина Карпош ги задолжува стручните служби на Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош да поведат постапка пред надлежните органи.

5. Овој Заклучок стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09 – 7508/3**
**Датум: 09.07.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Бранко Ристов, с.р.**

**СОДРЖИНА**

1. **Заклучок за усвојување Информација за донесената „Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за спорт“ од Владата на Република Северна Македонија и мислење на Советот на Општина Карпош по истата, со Решение за објавување.**

**Издавач:**
**Општина Карпош**
**Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**